# Службен весник на Република Македонија

**Број 48** **20 април 2017, четврток** **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 917. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) ....... | **3** |
| 918. | **Одлука** за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - Детска градинка „Светот на колорес" во Скопје................................ | **18** |
| 919. | **Одлука** за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2017 година ...................................................... | **18** |
| 920. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Вевчани .......... | **21** |
| 921. | **Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2016 година ...................................................... | **26** |
| 922. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за прифаќање на иницијативата за именување на Јавната здравствена установа Здравствен дом Битола во Јавна здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел" Битола........................................ | **26** |
| 923. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација.................................................. | **26** |
| 924. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација.................................................. | **26** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 925. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација | 27 |
| 926. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација | 27 |
| 927. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација | 27 |
| 928. | **Одлука** за утврдување на градба од посебен интерес заради изработка на урбанистичко планска документација | 27 |
| 929. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Управата за јавни приходи | 28 |
| 930. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија | 28 |
| 931. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 28 |
| 932. | **Одлука** за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје во студиската учебна 2017/2018 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија | 29 |
| 933. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | 29 |
| 934. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на подземна вода за флаширање за комерцијални потреби на локалитет П’клиште, општина Ранковце | 29 |
| 935. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Економскиот факултет“ при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје | 30 |
| 936. | **Решение** за именување претседател, заменик-претседател и членови на Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион | 36 |
| 937. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на лиценца за контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар | 36 |
| 938. | **Правилник** за изменување на Правилникот за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов | 45 |
| 939. | **Решение** за издавање дозвола за понуда за преземање | 45 |
| 940. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација | 46 |
| 941. | **Решение** за дополнување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Чешка | 46 |
| 942. | **Решение** за дополнување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Хрватска | 47 |
| 943. | **Исправка** на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за задолжителната резерва | 47 |
| 944. | **Одлука** за доделување на наградата „Гоце Делчев" за 2017 година, за особено значајни остварувања од интерес за Република Македонија во областа на науката | 47 |
| | **Огласен дел** | **1-128** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**917.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.4.2017 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА(*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16, 202/16 и 22/17), во членот 1, во ставот (2) по бројот „359“ сврз-никот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 360, се додаваат 12 нови прилози 361, 362, 363, 364, 365, 366, 367, 368, 369, 370, 371 и 372, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-1127/1
11 април 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров,** с.р.

**Прилог 361**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1758/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „мемориска игра со карти„) сочинета од 20 квадратни карти од картон, со димензии приближно 60x60 mm. Сите карти имаат ист дизајн/слика на позадината и различни слики на лице. Секоја карта содржи слика која може да се спари со друга карта (парот има иста слика на лицето).<br><br>Играта со карти која е погодна за два до четри играчи.<br><br>(*) Види фотографија<br> | 9504 40 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број 9504 и 9504 40 00 00.<br>Тар. подброј 9504 40 00 00 опфаќа карти за играње од сите видови. Формата на картите и начинот на кои се користат (со држење во раце и /или со положување на маса) не е релевантно (види Коментар на ХС за тар. број 9504, точка (11)). Распоредувањето во тар. подброј 9504 90 80 00 како други игри оттука е исклучено.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 9504 40 00 00 како карти за играње. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32016R1758, 32016R1759, 32016R1760, 32016R1761, 32016R1957, 32016R1958, 32016R1962, 32016R2033, 32016R2221, 32016R2223, 32016R2224, 32016R2225.

**Прилог 362**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1759/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од тело со навој направен од поцинкуван челик и глава од пластика. Телото со навој произведено е со валање и има должина од 23 мм и дијаметар од 6 мм. Кружната глава е со дијаметар од 14,5 мм и има слот или вдлабнатина за алати.<br>Производот е наменет за употреба како „ногарка„ за мебел (исто така може да се користи со други предмети кои се наменети за да се стават на под) и служи за прилагодување на висината на предметот со завтрување или одвртување на навојниот дел.<br><br>(*) Види фотографија<br> | 7318 15 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар. број 7318 и тар. подброј 7318 15 90 00.<br>Производот е композитна стока сочинет од два материјала. Компонентата која на производот му го дава суштинскиот карактер е телото со навој изработено од позинкуван челик кој служи за прилагодување на висината на предметот со навртување.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8302 како метални држачи, фитинзи и слични производи погодни за мебел е исклучено, со оглед дека намената на производот не е својствена на неговите видливи карактеристики и може да секористи и со други стоки освен со мебел. Производот има објективни карактеристики на завртка од 7318. Оттука производот се распоредува во тар. подброј 7318 15 90 00. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 363**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1760/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Апарат составен од валидатор на банкноти и каса (тн „note float unit„ ) со димензии од приближно 10 x 24 x 44 см.<br>Валидаторот на банкноти користи оптичка скенер технологија за проверка на автентичноста на банкнотите согласно однапред дефинирани спецификации.<br>Банкнотите кои се потврдени од валидаторот поминуваат во касата. Кога касата ќе го достигне капацитетот (главно 30 банкноти), банкнотите автоматски се сортираат и дистрибуираат понатаму до друга каса со капацитет од главно 300 банкноти.<br>Апаратот се користи, на пример, кај автомати за игри, паркинг машини, итн. за наплата за добиена услуга или производ.<br>Аапаратот може и да исплаќа банкноти.<br>Апаратот е секогаш поврзан со тн „host controller„ домаќин контролор (кој не е присутен во момент на презентација, увоз) кој ги регулира однапред дефинираните спецификации на банкнотите и нивното насочување во различни каси.<br><br>Види фотографија (*) | 8472 90 70 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8472 и тар. подброј 8472 90 70.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 9031 како мерен или прецизен апарат за проверка е исклучено, имено апаратот е повеќе од инструмент за проверка опфатен со овој тар. број. Дополнително на функцијата за проверка на автентичноста на банкнотите, исто така извршува други функции како сортирање и дистрибуирање на банкнотите помеѓу различни каси за чување и издавање на банкноти. Сите функции се извршуваат од апарати кои се опфатени со тар. број 8472.<br><br>Апаратот оттука се распоредува во тар. подброј 8472 90 70 како канцелариска машина. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 364**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1761/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој работи на батерии (тн „апарат за видео инспекција„ сочинет од:<br>-контролна единица со управувачка палка, уред за снимање, слот за мемориска картица и LCD дисплеј со дијагонални мерки на екран од приближно 9 см (3,5 инчи),<br>- флексибилен електричен кабел со должина од 3 м со дијаметар од приближно 7 мм,<br>- камера,<br>- LED светла.<br><br>Апаратот е главно наменет за технички преглед на празнини. Со апартатот може да се снимаат и сочуваат видео слики. Сликите може да се гледаат во реално време.<br><br>Види слика (*)<br> | 8525 80 91 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Оддел XVI, и наименување на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 91.<br><br>Распоредувањето како мерен или контролен инструмент за проверка, уреди и машини во тар. број 9031 е исклучено имајќи предвид дека намената на апаратот не е за проверка или мерење на празнините, туку да направи слики и да да ги конвертира во електричен сигнал снимен како видео слика (види исто така Коментар на ХС за тарифен број 8525).<br><br>Апаратот е сочинет од индивидуални компоненти кои се поврзани наменети заедно да допринесат за јасно дефинираната функција, опфатена со еден од тарифните броеви од Глава 84 или 85 глава. Имајќи ги предвид објективните карактеристики, функцијата на апаратот е снимање и сочувување на видео слики. Распоредувањето како монитор од тар. број 8528 оттука е исклучено.<br><br>Оттука, истиот ќе биде распореден во тар. подброј 8525 80 91 како видео камера рикордери, само со способност да снима звук и слика преземени од телевизиска камера. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 365**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1957/2016 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од следниве електронски компоненти: стартер, актуатор, регулатор и единица за стопирање (тн „електронска контролна единица„ (ECU) сместена во правоаголно куќиште од алуминиум со мерки од 98 x 74 x 20 mm и тежина од 160 грама.<br><br>Производот ги напојува предните ксенон светла на моторните возила.<br><br>Кога светлата ќе се вклучат производот прво ја конвертира еднонасочната струја (DC) од 12V од електричниот систем на таблата во 1200 V DC и ја пренесува до палењето (кое не е присутно со предметната стока во момент на увоз). Второ, производот ја конвертира еднонасочната (DC) во наизменична струја (AC) за светлата да светат и континуирано генерира напон кој е потребен (85 V) да ги одржува светлата да светат колку е потребно.<br><br>Види слика (*)<br> | 8504 40 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3 (в) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименување на тар.број 8504 и тар. подброј 8504 40 90.<br>Распоредувањето како контролна единица во тар. број 8537 е исклучено, со оглед дека производот е дизајниран за конвертирање од еднонасочна (DC) 12 V во DC 1200 V и да ја конвертира DC 12v во AC 85 V , кои се функции опфатени со тар. број 8504.<br><br>Кко ниедна од функциите кои може да се разгледаат не може да се смета за главна функција на апаратот согласно значењето на забелешка 3 од Оддел XVI , се распоредува во тарифен подброј кој се јавува последен во нумеричкиот ред.<br><br>Производот се распоредува во 8504 40 90 како други статички конвертери. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 366**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1958/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од 27 вклучници во куќиште (тн „ уред за дистрибуција на напон„) со димензии од приближно 5 x 8 x 173 см. Куќиштето е опремено со електричен кабел со должина од приближно 3 м и приклучок за поврзување со главниот електричен штекер во мрежата.<br><br>Се употребува за снабдување со електрична енергија со напон од 230 V за различни компоненти монтирани во кабинет „rack-mounted„. Производот е монтиран во вертикална положба во стандардни мрежни кабинети. Производот исто така ги регистрира и ги пренесува интерните податоци (како струја, напон, излез и користење) и алармните пораки (ако вредностите одат над или под одредени прагови) преку вклучената комуникациска картичка.<br><br>Види слика (*) | 8537 10 99 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 8537 и тар. подброј 8537 10 99.<br><br>Распоредувањето во тарифен број 8544 како кабел опремен со конектори е исклучено, со оглед дека производот е направен да фукционира како апарат за дистрибуција на електрична струја.<br>Со оглед дека производот се состои од повеќе вклучници, кабел и едница за комуникација, истиот треба да се распореди во тар. подброј 8537 10 99 како други табли, панели, конзоли, маси, кабинети и други основи, опремени со два или повеќе апарати од тар. број 8535 или 8536 за дистрибуција на електрична струја. |

| | | |
|---|---|---|
|  | | |

(*) Фотографијата е само од информативен карактер

**Прилог 367**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1962/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Несоставена врата за туш кабина, дизајнирана да биде монтирана и фиксирана на ѕид, сочинета од следниве компоненти:<br>- два панела, изработени од сигурносно стакло (ESG EN 12150), со димензии од 2100 x 860 x 6 mm (фиксиран/не лизгачки панел),<br>- два алуминиумски профили да бидат фиксирани на едната страна на секој од панелите, со димензии 2100 x 25 mm кои содржат шини, пластична заптивка и четири отвори за завртки,<br>- држачи, гредички, плочи, оков, стеги и други елементи за фиксирање направени од високо квалитетно железо,<br>- завртки, хексадецимални клучеви, контакти и анкери,<br>- спојници, прицврстувачи (магнетна спојница, за затворање на панелите од вратата, спојница заптивка за заптивање помеѓу фиксираните и подвижни делови).<br>Стаклото е натопено и обработено за заштита од бигор, нечистотија и талог од средство за чистење. | 7020 00 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 2(а), 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 7020 и тар. подброј 7020 00 80.<br><br>Производот е композитна стока, која е презентирана несоставена, изработена од различни компоненти. Со оглед дека профилите се наоѓаат само на едната страна на секој панел, производот не се смета за производ за поставување во рамка (види Коментар на Комбинираната номенклатура за Глава 70, општи одредби, втор параграф). Профилите, фиксирачките уреди, завртки, спојници, прицврстувачи, итн се компоненти од подреден карактер. Оттука стаклото го дава суштинскиот карактер на производот.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7326 како други производи од челик или во тар. број 7610 како рамки направени од алуминиум затоа е исклучено.<br><br>Распоредувањето во тар. број 7013 како производ од стакло од вид кој се користи за тоалет или слични цели е исто исклучено, со оглед што сами мали подвижни артикли, делови се опфатени (види Коментар на ХС за тар. број 7013, прв параграф (2)), |

| | | |
|---|---|---|
| Види слика на производот кој е веќе склопен (*)  | | Распоредувањето во тар. број 7007 како сигурносно стакло е исто исклучено имајќи предвид дека овој број опфаќа сигурносно стакло но не и производи изработени од такво стакло. Производот оттука треба да се распореди во тар. подброј 7020 00 80 како други производи од стакло. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 368**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2033/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од сјај за забна паста во форма на темно сини честички кои се раствораат кога се четкаат забите и ѝ даваат сина боја на пената која се формира од забната паста. Материјата за боење се задржува на исчистените заби, овозможувајќи одраз на сина светлина од забната глеѓ и на тој начин предизвикувајќи забите да изгледаат побели во некој ограничен временски период.<br><br>Производот е сочинет од следниве состојки (% по маса):<br><br>- хидроксипропил метилцелулоза приближно 55,<br>- пропилен гликол приближно 21,<br>- син пигмент приближно 17,<br>- полисорбат 80 приближно 4,<br>- црвена боја приближно 3.<br><br>Синиот пигмент и црвената боја служат како материи за боење.<br>Производот е во рефусно пакување. | 3204 19 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар.број 3204 и тар. подброј 3204 19 00.<br><br>Распоредувањето во тар. број 3912 како целулоза и нејзини деривати, на друго место неспомнати или опфатени, во примарни форми, е исклучено со оглед дека хидроксипропил метилцелулозата, и покрај тоа што е предоминантна по маса, служи само како носач на материјата за боење но не му дава на производот суштински карактер.<br><br>Синиот пигмент и црвената боја, служат како материи за боење, и му даваат на производот суштински карктер.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 3204 19 00 како препарат на база на мешаница од материи за боење од две или повеќе од тарифните подброеви 3204 11 до 3204 19. |

**Прилог 369**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2221/2016 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ сочинет од три флексибилни цевки поврзани заедно со дел за поврзување со Y-облик. Секоја од овие цевки има Луеров конектор на крајот. Производот има тотална должина од приближно 16 см и дијаметар на цевките од приближно 4 мм. Производот е направен од различна пластика како поливинил хлорид и акрилен полимер.<br>Луеровиот конектор се користи за поврзување на производот со други цевки и/или уреди (на пример шприцеви) на начин кој превенира истекување.<br><br>Производот се користи во различни области како во медицина, лабораториска работа, истражувања и други области каде се бара конекција која превенира истекување.<br><br>Види слика (*)<br> | 3917 33 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 8 од Глава 39 и наименување на тар.број 3917 и тар. подброј 3917 33 00.<br><br>При презентирање при увоз производот не се идентификува како дел од медицински инструмент согласно значењето на забелешка 2 од Глава 90. Оттука, распоредувањето во тар. број 9018 е исклучено.<br>Имајќи ги предвид објективните карактеристики и својства, производот ги исполнува условите од тар. број 3917 и ги исполнува барањата на Забелешка 8 од Глава 39.<br><br>Оттука истиот се распоредува во тар. подброј 3917 33 00 како други цевки, незајакнати или поинаку комбинирани со други материјали, со фитинзи.<br><br>ббм Распоредувањето во тар. број 3912 како целулоза и нејзини деривати, на друго место неспомнати или опфатени, во примарни форми, е исклучено со оглед дека хидроксипропил метилцелулозата, и покрај тоа што е предоминантна по маса, служи само како носач на материјата за боење но не му дава на производот суштински карактер.<br><br>Синиот пигмент и црвената боја, служат како материи за боење, и му даваат на производот суштински каркатер.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 3204 19 00 како препарат на база на мешаница од материи за боење од две или повеќе од тарифните подброеви 3204 11 до 3204 19. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 370**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2223/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ (тн „дигитален микроскоп„ ) со цилиндрична форма со должина од приближно 10 см и дијаметар од приближно 3 см. Дигиталниот микроскоп е опремен со четири Лед диоди, комплементарен метал-оксид-полупроводник (CMOS) сензор и кабел со УСБ конектор. Производот функционира само поврзан со машина за автоматска обработка на податоци и нема вградено можност за снимање.<br><br>Производот има можност за зголемување на објектите во опсег од 10-200 пати со помош на оптички леќи и преземање слики како и видео слики кои потоа се снимаат на машина за автоматска обработка на податоци со користење на соодветен софтвер.<br><br>Види слика (*)<br> | 8525 80 19 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 5 (Е) од Глава 84 и наименување на тар.број 8525 и тар. подброј 8525 80 19.<br><br>Производот е способен да функционира како влезна единица на машината за автоматска обработка на податоци, телевизиска камера, и како дигитален микроскоп.<br><br>Распоредувањето како влезна единица на машината за автоматска обработка на податоци од тар. број 8471 е исклучено со оглед дека производот покажува специфична функција освен обработка на податоци.<br><br>Распоредувањето како сложен оптички микроскоп од тар. број 9011 е исто така исклучено со оглед дека производот нема карактеристики на производ од овој број (види Коментар на ХС за тар. број 9011 прв параграф и втор параграф (I)).<br><br>Со оглед дека сликата од зголемениот објект може да се прикаже и ако е потребно да се сними на машината за автоматска обработка на податоци само после преземањето со посредство на CMOS сензор, производот има карактер на телевизиска камера.<br><br>Оттука, производот се рeспоредува во тар. подброј 8525 80 19. како телевизиска камера. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 371**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2224/2016 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Електричен апарат (тн „безжичен звучник адаптер„) во куќиште со димензии од приближно 52 x 52 x 13 mm и тежина од 26 г.<br>Безжичниот звучник адаптер е сочинет од:<br>-вградена батерија на полнење,<br>-дигитален/аналоген конвертер,<br>-трансмитер на база на Bluetooth технологија и приемник (Напреден Аудио Дистрибутивен Профил Advanced Audio Distribution Profile (A2DP),<br>- USB влез за полнење, и<br>- аудио влез од 3,5 мм, за поврзување со систем звучник (не е присутен за време на презентација, увоз).<br><br>Апаратот овозможува корисникот да слуша музика од смартфон или сличен џебен уред на домашен аудио систем или преку засебни звучници.<br><br>Аудио сигналот е испратен безжично преку Bluetooth од смартфонот до апаратот. Во апаратот, дигиталниот сигнал се конвертира во аналоген сигнал и се праќа со кабел до домашниот аудио систем или до засебните звучници. Апаратот има pause/play копче кое овозможува стопирање и стартување на музиката, но не дозволува селекција на музика или контрола на гласност. | 8517 62 00 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименување на тар.број 8517 и тар. подброј 8517 62 00.<br><br>Со оглед дека апаратот само праќа и прима аудио сигнали безжично преку Bluetooth (A2DP), и не создава аудио сигнал и не произведува звук самостојно, истиот не може да се смета како апарат за репродукција на звук. Распоредувањето во тар. број 8519 оттука е исклучено.<br><br>Функцијата на апаратот е да прима аудио податоци безжично од уред (на пример од мобилен телефон) и да ги предава тие податоци до звучниците преку кабел. Функцијата на прием, конвертирање и предавање на податоците е опфатена со наименувањето на тар. подброј 8517 62 00.<br><br>Оттука апаратот треба да се распореди во тар. подброј 8517 62 00 како машина, уред за прием, конверзија и предавање на глас или друг податок. |

**Прилог 372**

| **Опис на стоката Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 2225/2016** | **Распоредување (Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Цилиндричен производ воглавном изработен од челик (различно од лиено железо) со должина од приближно 35 см и дијаметар од приближно 19 см на неговата поширока страна (тн „ролер за гасеница“).<br>Производот е сочинет од следните главни компоненти:<br>Цилиндрична школка со градуирано кужиште за водиците на ланецот; високо полирано вратило, две бронзени чаури и прстени на двата краја.<br>Производот е направен за употреба со ланчана гасеница на багер-ровокопач, во комбинација со други слични валјаци на гасеницата за надолжно и попречно водење на трасата на ланецот.<br><br>Види слика (*)<br> | 8431 49 80 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 2 (б) од Оддел XVI, и наименување на тар.број 8431 и тар. подброј 8431 49 80.<br><br>Распоредувањето во тар. број 8708 како делови или прибор за моторни возила од тар. број 8701 до 8705 е исклучено како производ не дизајниран за употреба со моторни возила од овие броеви.<br>Објективните карактеристики на производот (облик и големина) се оние кои од ролерот дизајнирани за употреба со ланецот на ролерот од типот на гасеничарски багер од 8429.<br><br>Производот оттука се распоредува во тар. број 8431 49 80 како делови погодни за употреба само или главно со машини од тар. броеви 8425 до 8430 освен од лиено железо. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**918.**

Врз основа на член 107 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.4.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „СВЕТОТ НА КОЛОРЕС” ВО СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „СВЕТОТ НА КОЛОРЕС“ во Скопје, со седиште на булевар „Партизански одреди“ бр. 71.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука се дава врз основа на поднесеното барање од основачот Друштво за производство, трговија, детски забавни игри и услуги КОЛОРЕС ГРУП ДООЕЛ - Скопје, со седиште на ул. „Јуриј Гагарин” бр. 46а во Скопје, со Единствен даночен број 4057016531967.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како дејност ќе се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовани, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од една до шест години, односно до вклучување во основно училиште, како и престој и исхрана за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште, до десет години возраст, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 5

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 6

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе биде сместена во објект на булевар „Партизански одреди“ бр. 71 во Скопје, со површина од 411 м2 и дворно место од околу 200 м2.

Член 7

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е околу 85 деца, организирани во шест згрижувачко воспитни групи, согласно Законот за заштита на децата.

Член 8

Програмата за вршење на дејноста е според Програмата за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/14).

Член 9

Јазикот на кој ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на англиски јазик, согласно Законот за заштита на децата.

Член 10

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за труд и социјална политика и уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 11

Средствата за основање и работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-859/1<br>11 април 2017 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>**Никола Тодоров,** с.р. |

---

**919.**

Врз основа на член 42 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.63/07, 187/13, 43/14 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.4. 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ ВО 2017 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2017 година во вкупен износ од 109.086.201,00 денари, обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во раздел 19101 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 49.242.501,00 денари и во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој во износ од 59.843.700,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на планските региони за финансирање во 2017 година, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку се утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, Центрите за развој на планските региони, потребно е истите да ги вратат во Буџетот на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-941/1<br>11 април 2017 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>**Никола Тодоров,** с.р. |

Прилог

Листа на проекти за развој на планските региони за финансирање во 2017 година

| Скопски плански регион | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Изградба на електрична инсталација во пештерата „Врело„ - кањон Матка | Центар за развој на скопскиот плански регион | 2.863.222 | 2.574.652 | 288.570 |
| 2 | Реконструкција на дел од пристапен пат до рекреативен центар „Теферич“ - Фаза 2 | Центар за развој на скопскиот плански регион | 6.092.404 | 5.180.974 | 911.430 |
| | Вкупно средства | | 8.955.626 | 7.755.626 | 1.200.000 |
| **Југоисточен плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Изградба на дел од пат меѓу населените места Чанаклија и Нова Маала во должина од 1 км | Центар за развој на југоисточниот плански регион | 8.771.183 | 8.000.000 | 771.183 |
| 2 | Изградба на локален пат кој ги поврзува селата Муртино и Еднокуќево во должина од - 1387 метри - втора фаза | Центар за развој на југоисточниот плански регион | 5.035.408 | 4.606.591 | 428.817 |
| | Вкупно средства | | 13.806.591 | 12.606.591 | 1.200.000 |
| **Источен плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Изградба на регионален Етно парк во с. Зрновци - Фаза I | Центар за развој на источниот плански регион | 2.599.583 | 2.354.423 | 245.160 |
| 2 | Регулација на речно корито на Виничка река - Фаза I | Центар за развој на источниот плански регион | 5.501.283 | 5.057.484 | 443.799 |
| 3 | Изградба на спомен обележје на местото на загинување на Никола Карев „Свиланово„ | Центар за развој на источниот плански регион | 5.954.492 | 5.443.451 | 511.041 |
| | Вкупно средства | | 14.055.358 | 12.855.358 | 1.200.000 |
| **Пелагониски плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Доделени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Реконструкција на регионален зелен пазар во општина Демир Хисар | Центар за развој на пелагонискиот плански регион | 6.488.996 | 6.000.047 | 488.949 |
| 2 | Подобрување на регионалната културна понуда во насока на развој на туризмот - Реконструкција на простор за одржување на настани од национален интерес (Долнени) | Центар за развој на пелагонискиот плански регион | 1.947.696 | 1.800.000 | 147.696 |
| 3 | Набавка на противпожарно возило за заштита на националното културно наследство и туристичките потенцијали во Пелагониски регион (Крушево) | Центар за развој на пелагонискиот плански регион | 4.415.176 | 4.000.003 | 415.173 |
| 4 | Регулирање на коритото на Црна Река и нејзините притоки по течението на општините Могила, Новаци, Демир Хисар, и Битола (трета фаза) | Центар за развој на пелагонискиот плански регион | 1.948.155 | 1.799.973 | 148.182 |
| | Вкупно средства | | 14.800.023 | 13.600.023 | 1.200.000 |

| Полошки плански регион | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Рехабилитација на локален пат од Сушички мост до депонија Русино Општина Гостивар | Центар за развој на полошкиот плански регион | 1.122.787 | 1.088.500 | 34.287 |
| | Вкупно средства | | 1.122.787 | 1.088.500 | 34.287 |
| **Југозападен плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Подобрување на услугите во туристичките средини во ЈЗПР - Набавка и поставување на јавни тоалети во ЈЗПР | Центар за развој на југозападниот плански регион | 1.995.067 | 1.950.451 | 44.616 |
| 2 | Изведба на енергетски ефикасни објекти | Центар за развој на југозападниот плански регион | 14.547.965 | 13.392.581 | 1.155.384 |
| | Вкупно средства | | 16.543.032 | 15.343.032 | 1.200.000 |
| **Вардарски плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Заштита на водите на Езеро Младост преку регулирање на отпадните води во населба Отовица, општина Велес | Центар за развој на вардарскиот плански регион | 8.197.364 | 7.661.539 | 535.825 |
| 2 | Подобрување на животната средина преку уредување на речните корита во вардарскиот регион, уредување на речното корито на река Луда Мара, општина Кавадарци | Центар за развој на вардарскиот плански регион | 9.629.433 | 9.000.000 | 629.433 |
| 3 | Изградба на комунална инфраструктура во Етно Винско село Клисура, село Клисура, општина Демир Капија (Водоснабдување втора фаза) | Центар за развој на вардарскиот плански регион | 457.608 | 422.865 | 34.743 |
| | Вкупно средства | | 18.284.404 | 17.084.404 | 1.200.000 |
| **Североисточен плански регион** | | | | | |
| Ред.бр | Име на проектот | Општини каде се реализира проектот | Одобрени средства во денари | | |
| | | | Вкупно | за проект | за менаџирање |
| 1 | Подобрување на условите за рурален развој, развој на туризмот и мобилноста во Североисточниот плански регион - Фаза 2 | Центар за развој на североисточниот плански регион | 18.448.706 | 17.336.020 | 1.112.686 |
| 2 | Заштита на животната средина и подобрување на условите за живот во Североисточниот плански регион | Центар за развој на североисточниот плански регион | 3.069.674 | 2.982.360 | 87.314 |
| | Вкупно средства | | 21.518.380 | 20.318.380 | 1.200.000 |
| Вкупни средства за финансирање на проекти за развој на планските региони – 109.086.201 денари | | | | | |

**920.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија”, бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 11.4.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВЕВЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на движната, ствар | Модел | Производител | Количина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Портабл Ехо апарат | A6 | Соно Скејп, Кина | 1 |
| 2 | Фрижидер за чување вакцини | MK144 | Вестфрост, Данска | 1 |
| 3 | Подвижен рефлектор со лампа | Caravaggio | ГИМА, Италија | 2 |
| 4 | Невролошко чеканче | 31271 | ГИМА, Италија | 2 |
| 5 | Сув стерилизатор | GIMETTE21 | ГИМА, Италија | 1 |
| 6 | 6-канален ЕКГ Апарат со вградена батерија | MAC 600 | ГЕ-Генерал Електрикс, САД | 1 |
| 7 | Орман (витрина) за инструменти | Kange | КЕНМАК, Турција | 3 |
| 8 | Преносен систем за кислородна поддршка со регулатор и маски за кислород за деца и возрасни | MediSelect | ГЦЕ, Чешка | 1 |
1) м-р Зоран Павлов, Национален координатор за културното наследство на Охридскиот регион - Управа за заштита на културното наследство – претседател;

2) Илбер Мирта, Национален координатор за природното наследство на Охридскиот регион - Управа за животна средина – заменик претседател;

3) Маријан Галевски, државен советник - Канцеларија на претседателот на Владата на Република Македонија - член;

4) проф. др. Неџбедин Беадини, Државен универзитет во Тетово - Министерство за животна средина и просторно планирање - член;

5) Диме Мацовски, државен советник за заштита на културното наследство – Министерство за култура - член;

6) Сандра Андовска, генерален секретар на Националниот совет - Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори - Национален совет за одржлив развој на Република Македонија- член;

7) др. Златко Левков - Институт за биологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје - член;

8) проф. др. Елизабета Димитрова - Институт за историја, уметност и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - член;

9) Лилјана Јоноска, советник за анализа и спроведување на урбанистички планови – Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште - Општина Охрид - член;

10) Џеми Хајредини, Раководител на Секторот за јавни дејности - Општина Струга - член;

11) Даниел Ристески - Општина Дебарца - член;

12) проф. д-р Сашо Трајановски, научен советник во одделението за Фауна на дно - Ј.Н.У. Хидробиолошки завод – Охрид - член;

13) Андон Бојаџи, стручен соработник за мониторинг и управување со податоци за биолошката разновидност - Ј.У. Национален парк Галичица- член;

14) проф. др. Владимир Крпач - Институт за екологија и технологија при Државниот универзитет во Тетово - член;

15) Митрополит дебарско-кичевски г. Тимотеј - Македонска православна црква - Охридска архиепископија - член;

16) Ирсал Јакупи, Генерален секретар на ИВЗ - Исламска верска заедница - член;

17) Крсте Блажески, асоцијација на хотелиери „ХОТАМ“- Туристичка асоцијација во Охридскиот регион - член;

18) Берат Села – „НАТУРА“ - Струга - Невладино здружение за заштита на природата - член;

19) Зоран Вељановски Летра - Здружение на граѓани Фаму Интернационал - Невладино здружение за културно наследство од Охридскиот регион - член;

20) Тања Бунташеска Паскали - НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј – Охрид - член;

21) Милован Шутиноски - Н.У. Музеј „д-р Никола Незлобински“ – Струга - член;

22) м-р Јехона Спахиу, историчар на уметност, виш конзерватор - Н.У. Национален конзерваторски центар – Скопје - член;

23) Лидија Топузовска, Генерален секретар на Националната комисија за УНЕСКО - Национална комисија за УНЕСКО - член.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-1036/1 | Заменик на претседателот |
| 28 март 2017 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | **Никола Тодоров,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**937.**

Врз основа на член 394 алинеја 18 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15 и 55/16), министерот за внатрешни работи, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦА ЗА КОНТРОЛОР, ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) И ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛА (ПРАКТИЧЕН ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР**

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето и на образецот на лиценцата за контролор, испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар.

II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА КОНТРОЛОР ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 2

(1) Образецот на барањето за издавање на лиценца за контролор во испитен центар се печати на бела хартија во А4 формат.

(2) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“;
- наслов на барањето;
- податоци за подносителот на барањето: име, татково име и презиме, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса;
- причини поради кои се поднесува барањето,
- прилози кои се доставуваат кон барањето;
- изјава за точност на податоците:
- датум и место на поднесување на барањето и
- место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 3

(1) Образецот на барањето за издавање на лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар се печати на бела хартија во А4 формат.

(2) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“;
- наслов на барањето;
- податоци за подносителот на барањето: име, татково име и презиме, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса;
- причини поради кои се поднесува барањето;
- прилози кои се доставуваат кон барањето;
- изјава за точност на податоците;
- датум и место на поднесување на барањето и
- место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

IV. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛА (ПРАКТИЧЕН ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 4

(1) Образецот на барањето за издавање на лиценца за испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар се печати на бела хартија во А4 формат.

(2) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“;
- наслов на барањето;
- податоци за подносителот на барањето: име, татково име и презиме, ден, месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса;
- причини поради кои се поднесува барањето;
- прилози кои се доставуваат кон барањето;
- изјава за точност на податоците;
- датум и место на поднесување на барањето и
- место за потпис на подносителот на барањето.

(3) Образецот на барањето од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

V. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА КОНТРОЛОР ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 5

(1) Образецот на лиценцата за контролор во испитен центар е изработен на тврда картонска хартија во правоаголна форма на А4 формат.

(2) Во позадината на образецот од ставот (1) на овој член отпечатено е знамето на Република Македонија.

(3) Образецот за лиценца од ставот (1) на овој член содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ“;
- амблем на полицијата;

- законски основ за издавање на лиценцата;
- наслов на лиценцата;
- број на лиценцата;
- име, татково име и презиме на лицето на кое му се издава лиценцата за вршење на работи како контролор во испитен центар;
- ден, месец, година, место и држава на раѓање и место на живеење на лицето на кое му се издава лиценцата вршење на работи како контролор во испитен центар;
- ден, месец и година на издавање на Уверение за положен стручен испит;
- датум до кога важи лиценцата;
- место и датум на издавање на лиценцата;
- место за печат;
- место за потпис на министерот за внатрешни работи и
- сериски број на лиценцата.

(4) Образецот на лиценца од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

## VI. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

### Член 6

(1) Образецот на лиценцата за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар е изработен на тврда картонска хартија во правоаголна форма на А4 формат.

(2) Во позадината на Образецот од ставот (1) на овој член отпечатено е знамето на Република Македонија.

(3) Образецот на лиценцата за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ";
- амблем на полицијата;
- законски основ за издавање на лиценцата;
- наслов на лиценцата;
- број на лиценцата;
- име, татково име и презиме на лицето на кое му се издава лиценцата за вршење на работи како испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар;
- ден, месец, година, место и држава на раѓање и место на живеење на лицето на кое му се издава лиценцата за вршење на работи како испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар;
- ден, месец и година на издавање на Уверение за положен стручен испит;
- датум до кога важи лиценцата;
- место и датум на издавање на лиценцата;
- место за печат;
- место за потпис на министерот за внатрешни работи и
- сериски број на лиценцата.

(4) Образецот на лиценцата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

## VII. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛА (ПРАКТИЧЕН ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

### Член 7

(1) Образецот на лиценцата за испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар е изработен на тврда картонска хартија во правоаголна форма на А4 формат.

(2) Во позадината на Образецот од ставот (1) на овој член отпечатено е знамето на Република Македонија.

(3) Образецот на лиценцата за испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар содржи:

- меморандум со следниот текст:
„РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ";
- амблем на полицијата;
- законски основ за издавање на лиценцата;
- наслов на лиценцата;
- број на лиценцата;
- име, татково име и презиме на лицето на кое му се издава лиценцата за вршење на работи како испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар;
- ден, месец, година, место и држава на раѓање и место на живеење на лицето на кое му се издава лиценцата за вршење на работи како испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитен центар;
- ден, месец и година на издавање на Уверение за положен стручен испит;
- датум до кога важи лиценцата;
- место и датум на издавање на лиценцата;
- место за печат;
- место за потпис на министерот за внатрешни работи и
- сериски број на лиценцата.

(4) Образецот на лиценцата од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр.6 и е составен дел на овој правилник.

## VIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 13.1.1-24540/1 | Министер |
| 11 април 2017 година | за внатрешни работи, |
| Скопје | д-р **Агим Нухиу**, с.р. |

Прилог бр.1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

_______________________________

# БАРАЊЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА КОНТРОЛОР ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

**Од:**

_______________________________________________

_______________________________________________

(податоци за подносителот на барањето, име, татково име и презиме, ден месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса)

**Со оглед дека имам положено стручен испит за контролор во испитен центар на _____________________________ година, барам да ми биде издадена**
(ден, месец и година на полагање на испитот)
**ЛИЦЕНЦА за контролор во испитен центар согласно член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16).**
**Во прилог на барањето доставувам:**

1. **доказ за завршено високо образование**
_______________________________________________
2. **доказ за живеалиште во Република Македонија**
_______________________________________________
3. **лекарско уверение**
_______________________________________________
4. **доказ дека не сум осуден со правосилна судска одлука**
_______________________________________________
5. **уверение за положен стручен испит**
_______________________________________________
6. **доказ на увид за поседување на дозвола за возач-инструктор**
_______________________________________________
7. **доказ за работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи**
_______________________________________________
8. **доказ за уплатен износ за надомест на трошоци (согласно член 254 став (7)- надоместок за трошоци во висина на реално направените трошоци за издавање на лиценца за контролор во испитен центар)**

-----------------------------------------------------------------------------------------

**За точноста на податоците одговарам лично и материјално, а за сите грешки во податоците согласен/на сум да ги сносам последиците.**

**Подносител на барањето**

**Скопје, _________________ година** _____________________________

Прилог бр.2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

______________________

# БАРАЊЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

**Од:**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

(податоци за подносителот на барањето, име, татково име и презиме, ден месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса)

**Со оглед дека имам положено стручен испит за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар на ____________________________ година, барам да ми биде издадена**

(ден, месец и година на полагање на испитот)

**ЛИЦЕНЦА за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар, согласно член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16).**

**Во прилог на барањето доставувам:**

1. **доказ за завршено високо образование**
______________________________________________________________
2. **доказ за живеалиште во Република Македонија**
______________________________________________________________
3. **лекарско уверение**
______________________________________________________________
4. **доказ дека не сум осуден со правосилна судска одлука**
______________________________________________________________
5. **уверение за положен стручен испит**
______________________________________________________________
6. **доказ на увид за поседување на дозвола за возач-инструктор**
______________________________________________________________
7. **доказ за работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи**
______________________________________________________________
8. **доказ за уплатен износ за надомест на трошоци (согласно член 254 став (7)- надоместок за трошоци во висина на реално направените трошоци за издавање на лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) во испитен центар)**

______________________________________________________________

**За точноста на податоците одговарам лично и материјално, а за сите грешки во податоците согласен/на сум да ги сносам последиците.**

**Подносител на барањето**

**Скопје ________________ година** ______________________________

Прилог бр.3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**СКОПЈЕ**

# БАРАЊЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛО (ПРАКТИЧЕН ДЕЛ) ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

**Од:**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

(податоци за подносителот на барањето, име, татково име и презиме, ден месец и година на раѓање, место на раѓање, единствен матичен број на граѓанинот, живеалиште и адреса)

**Со оглед дека имам положено стручен испит за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) во испитен центар на __________________________ година, барам да ми биде издадена**
(ден, месец и година на полагање на испитот)

**ЛИЦЕНЦА за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) согласно член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16).**
**Во прилог на барањето доставувам:**

**1. доказ за завршено средно образование**

____________________________________________________________

**2. доказ за живеалиште во Република Македонија**

____________________________________________________________

**3. лекарско уверение**

____________________________________________________________

**4. доказ дека не сум осуден со правосилна судска одлука**

____________________________________________________________

**5. уверение за положен стручен испит**

____________________________________________________________

**6. доказ на увид за поседување на дозвола за возач-инструктор**

____________________________________________________________

**7. доказ за работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи**

____________________________________________________________

**8. доказ за уплатен износ за надомест на трошоци (согласно член 254 став (7)- надоместок за трошоци во висина на реално направените трошоци за издавање на лиценца за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) во испитен центар)**

______________________________________________________________________

**За точноста на податоците одговарам лично и материјално, а за сите грешки во податоците согласен/на сум да ги сносам последиците.**

**Подносител на барањето**

**Скопје _________________ година** _______________________________

Прилог бр.4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16), министерството за внатрешни работи издава

# Л И Ц Е Н Ц А

## ЗА КОНТРОЛОР ВО ИСПИТЕН ЦЕНТАР

______________

**број на лиценца**

**На лицето ______________________________ роден/а на**
(име, татково име и презиме на кандидатот)

**__________ година, во ____________________________, со место на живеење на**
(датум) (место и држава на раѓање)

**_________________________________ и Уверение за положен стручен испит за вршење работи на контролор во испитен центар издадено на _________________________________ година,**
(ден, месец и година на издавање на уверение)

**за вршење на работи како контролор над работата на испитните комисии за полагање на возачки испит во испитен центар.**

**Лиценцата се издава со рок на важење до _____________година.**
(датум)

Место и датум на издавање

_____________________________

Министер за внатрешни работи

---------------------------------

М. П.
МК 0000000

Прилог бр.5

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16), министерството за внатрешни работи издава

# Л И Ц Е Н Ц А

## ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА СООБРАЌАЈНИ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ (Т Е О Р Е Т С К И Д Е Л)

____________

**број на лиценца**

**На лицето** ______________________________ **роден/а на**
(име, татково име и презиме на кандидатот)
_________ **година, во** ________________________, **со место на живеење на**
(датум) (место и држава на раѓање)
______________________________ **и Уверение за положен стручен испит за вршење работи на испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи ( теоретски дел ) на** ______________________________ **година,**
(ден, месец и година на издавање на уверение)

**за вршење на работи како испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи ( теоретски дел ) во испитните комисии за полагање на возачки испит во испитен центар.**

**Лиценцата се издава со рок на важење до** ____________**година.**
(датум)

Место и датум на издавање

______________________

Министер за внатрешни работи

______________________

М. П.
МК 0000000

Прилог бр.6

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 249 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ број 169/15, 226/15 и 55/16), министерството за внатрешни работи издава

# **Л И Ц Е Н Ц А**

## **ЗА ИСПИТУВАЧ ПО НАСТАВНА ПРОГРАМА УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗИЛА (П Р А К Т И Ч Е Н Д Е Л)**

**_________**
**број на лиценца**

**На лицето ________________________________ роден/а на**
(име, татково име и презиме на кандидатот)

**__________ година, во ____________________________, со место на живеење на**
(датум) (место и држава на раѓање)

**_________________________________ и Уверение за положен стручен испит за вршење работи на испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел), издадено на _______________________________ година,**
(ден, месец и година на издавање на уверение)

**за вршење на работи како испитувач по наставна програма управување со возила (практичен дел) во испитните комисии за полагање на возачки испит во испитен центар.**

**Лиценцата се издава со рок на важење до _____________година.**
(датум)

Место и датум на издавање Министер за внатрешни работи

___________________________ ___________________________

М. П.
МК 0000000

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**938.**

Врз основа на член 92 став 5 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГОЛЕМИНАТА НА РИБИТЕ ПОД КОЈА НЕ СМЕАТ ДА СЕ ЛОВАТ ЗА СТОПАНСКИ И РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ**

Член 1

Во Правилникот за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11 и 57/13) во членот 2 табелата се менува и гласи:

„

| Вид на риба | Латинско име | Големина |
|---|---|---|
| **Салмонидни (пастрмки)** | *Salmonidae* | |
| пастрмка - во стоечки води | *Salmo sp.* (сите видови) | 35 cm |
| пастрмка - во истечни води | *Salmo sp.* (сите видови) | 30 cm |
| охридска белвица | *Salmo ohridanus* | 22 cm |
| **Ципринидни (краповидни)** | *Cyprinidae* | |
| крап | *Cyprinus carpio* | 40 cm |
| клен (утман, бушар) | *Squalius sp.* (сите видови) | 30 cm |
| скобуст (бојник, подуст) | *Chondrostoma sp.* (сите видови) | 25 cm |
| - скобуст во Преспанско Езеро | | 20 cm |
| црна мрена - во истечни води | *Barbus sp.* | 25 cm |
| црна мрена - во стоечки води | *Barbus sp.* | 20 cm |
| писа (платица) | *Scardinius erithrophtalmus* | 20 cm |
| писа во Дојранско Езеро | | 17 cm |
| црвеноперка | *Rutilus sp.* | 17 cm |
| попадика (ѓеупка) | *Vimba melanops* | 15 cm |
| златен карас | *Carassius carassius* | 20 cm |
| лињак (линиш) | *Tinca tinca* | 25 cm |
| моранец | *Pachyhilon pictum* | 10 cm |
| белвица (плашица, плашка, нивичка) | *Alburnus alburnus* | 12 cm |
| - белвица во Дојранско Езеро | | 11 cm |
| кркушка | *Gobio sp.* | 8 cm |
| **Перкии** | *Percidae* | 10 cm |
| костреш (перкија) | *Perca fluviatilis* | 20 cm |
| - костреш во Дојранско Езеро | | 17 cm |
| смуѓ | *Stiziostedion lucioperca* | 35 cm |
| **Сомови** | *Siluridae* | |
| сом | *Silurus glanis* | 70 cm |
| **Штуки** | *Esocidae* | |
| штука | *Esox lucius* | 40 cm |
| **Јагули** | *Anguillidae* | |
| јагула | *Anguilla anguilla* | 60 cm |
| **Ракови** | *Astacidae* | |
| рак | *Astacus astacus* | 12 cm |
| **Жаби** | *Amphibia* | |
| жаба | *Rana ridibunda* | 50 gr |

“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 14 - 2828/3
12 април 2017 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**939.**

☐Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, врз основа на член 31 од Законот за преземање на акционерски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015 и 23/2016), постапувајќи по Барањето за добивање дозвола за понуда за преземање на Технокомерц АД Скопје, поднесено од Комерцијална Банка АД Скопје, Дирекција за вршење услуги со хартии од вредност, во име и за сметка на преземачот - Илија Филиповски, бр.10-230-8155/1 од 28.2.2017 година (поднесено на пропишаниот образец на ден 8.3.2017 година), на седницата одржана на ден 7.4.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

1. На Илија Филиповски, се издава дозвола за давање понуда за преземање на Технокомерц АД Скопје. Понудата за преземање ја дава Комерцијална Банка АД Скопје, Дирекција за вршење услуги со хартии од вредност, во име и за сметка на Илија Филиповски.

2. Понудата за преземање се однесува на 14.504 обични акции со право на глас издадени од Технокомерц АД Скопје.

3. Преземањето на хартиите од вредност ќе се врши по цена од 1.000 денари по акција.

4. Рокот за прифаќање на понудата изнесува 30 дена од денот на првото објавување на понудата за преземање.

5. Преземачот од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски во рокот и начинот предвиден со Законот и Понудата за преземање.

6. Жалбата против ова решение не го одложува неговото извршување.

7. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП 1 Број 10-44
7 април 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,

м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**940.**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 11.04.2017 донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИ ПАЗАРИ ШТО СЕ ПОДЛЕЖНИ НА ПРЕТХОДНА РЕГУЛАЦИЈА**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на релевантни пазари што се подлежни на претходна регулација број 02-5015/1 од 23.09.2010 година, број 02-2010/2 од 15.04.2011 година, број 0307-1276/2 од 07.05.2014 година, број 0201-1476/7 од 15.12.2014 година, број 1306-252/2 од 20.01.2016 година и број 1303-690/10 од 19.04.2016 година во член 3 точка а) потточката 1 се брише. Потточката 2 станува потточка 1.

Во член 3 од истата Одлука точка б) потточките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат потточки 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11.

Новата потточка 5 се менува и гласи:

“пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација“.

Новата потточка 6 се менува и гласи:

“пазар за големопродажен централен пристап обезбеден на фиксна локација за производи за широка потрошувачка “.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“ и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, пазар Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници.

Во финалниот документ од анализата на пазар Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни корисници, донесен под број 1302-475/2 од 03.02.2017 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го исполнува тестот на три критериуми со што истиот не ги исполнува условите за релевантен пазар за претходна регулација. Според заклучоците релевантниот пазар се брише.

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантните пазари за продажба на производи и услуги на големо и тоа:

- физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен разврзан пристап) на фиксна локација и
- пристап до услуги со широк опсег (broadband).

Во финалниот документ од анализата на двата релевантни пазари се утврдува промена на насловите на пазарите во согласност со новата препорака на Европската Комисија за релевантни пазари кои се подлежни на претходна регулација (2014/710/EU) од 09.Октомври 2014 година.

Согласно заклучоците од Финалниот документ за анализа на овие два релевантни пазари донесен под број 1302-231/4 од 11.04.2017 насловите на двата релевантни пазари се менуваат и гласат:

- “пазар за големопродажен локален пристап обезбеден на фиксна локација“ и
- “пазар за големопродажен централен пристап обезбеден на фиксна локација за производи за широка потрошувачка”.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5 од Законот за електронските комуникации, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 1302-1322/2
11 април 2017 година
Скопје

Агенција за електронски комуникации
Директор,
**Сашо Димитријоски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**941.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ЧЕШКА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло зара-

ди заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Чешка („Службен весник на Република Македонија” бр. 11/17, 16/17 и 29/17), во членот 1 став (1) по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи 3 и 4 кои гласат:

„- Регион Плзен/Region of Plzen,

- Регион Карлови Вари/Region of Karlovy Vary,”.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 02 – 335/4 | Директор на Агенцијата |
| 5 април 2017 година | за храна и ветеринарство, |
| Скопје | м-р **Зоран Поповски**, с.р. |

**942.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија по потекло од Република Хрватска (“Службен весник на Република Македонија” бр. 16/17 и 31/17), во членот 1 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„- Крапина-Загорје/Krapina-Zagorje,”.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 02 – 462/4 | Директор на Агенцијата |
| 5 април 2017 година | за храна и ветеринарство, |
| Скопје | м-р **Зоран Поповски**, с.р. |

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**943.**

По извршено срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за задолжителната резерва, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА**

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Македонија“ бр.218/16), во точката 1 ознаката за алинеја 3 се брише, а зборовите: „просечната дневна состојба на издвоените средства на банката на девизната сметка во евра во МИПС за периодот на исполнување е најмалку еднаква на 5% од пресметаната задолжителна резерва во евра, согласно со точка 8 од оваа одлука“, се додаваат по сврзникот “и“ во алинеја 2.

| | |
|---|---|
| Бр.13854 | |
| 20 април 2017 година | Вицегувернер, |
| Скопје | д-р **Фадил Бајрами**, с.р. |

## ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

**944.**

Врз основа на членовите 1, 6 и 17 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007 и 74/12), Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев“, на седницата одржана на 3 април 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ЗА 2017 ГОДИНА, ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА**

I. За особено значајни остварувања од интерес за Републиката во областа на науката, наградата „Гоце Делчев“ за 2017 година, се доделува за трудовите:

„ФОРЕНЗИЧКА ДНК - АНАЛИЗА НА ЗАБИТЕ“ од д-р Ванчо Спиров, објавена во 2016 година.

„ГЕОХЕМИСКИ АТЛАС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ од проф. д-р Трајче Стафилов и д-р Роберт Шајн, објавена во 2016 година и

„КИРКЕГАРД ЗА КОНСУМЕРИЗМОТ (етичко, естетско и религиозно читање)“ од проф. д-р Јасна Котевска, објавена во 2016 година.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Број 08 - 996/2 | Претседател |
| 19 април 2017 година | на Одборот за доделување |
| Скопје | на наградата „Гоце Делчев“ |

акад. **Владо Камбовски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622

2017048